УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
СКОПЈЕ
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400

Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 08-1713/1
15-10-2021

Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование, член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научните, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и член 114 од Законот за високото образование, Деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот:

- Современ англиски јазик 3 -(Јазик) (0+6);

За избор на еден демостратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност по предметот:

- Граматика на италијанскиот јазик 1-Фонетика и морфологија (0+2);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметите:

- Преведување од македонски на германски јазик 1 (0+4) и Преведување од македонски на германски јазик 3 (0+4);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметите:

- Германски јазик В3 (0+2), Современ германски јазик 1 (0+4) и Современ германски јазик 3 (0+2);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметот:

- Германски јазик В3 (0+2);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметот:

- Методика на наставата по германски јазик 3 (0+4);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметите:

- Толкување од македонски на германски јазик Б В и обратно 1 (0+2) и Толкување од македонски на германски јазик Б В и обратно 3 (0+4);

За избор на еден демостратор за студиската програма по германски јазик и книжевност по предметот:

- Германски јазик В1 (0+4);

За избор на еден демостратор за студиската програма по романски јазици и книжевности по предметот:

- Граматика на шпанскиот јазик 7- Лексикологија и фразеологија (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување предметите:

- Англиски јазик 1Б (0+2) и Англиски јазик 1В (0+6);

За избор на еден демостратор за настава на нематични факултети – Машински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот:

- Германски јазик (изборен од УКИМ ) (1+1)

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнти и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:

- биографија;
- доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска